АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Македонија

3-553-101.01

## ПОНУДЕНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.04-30.04.2019 година

| Период за испорака | Понудена моќност (MW) | Понудена енергија (MWh) |
|---|---|---|
| ***01.04-30.04.2019*** | ***00:00-24:00CET*** | ***00:00-24:00CET*** |
| | *20* | 14.400 |

- Бараната количина електрична енергија и моќност од страна на Економскиот оператор се однесува за сите денови од периодот.
- Понудената цена од страна на Економскиот оператор се однесува на точка на прием во електроенергетскиот систем на Р.Македонија, односно во неа не се вклучени трошокот за прекуграничен капацитет, понудената цена е без засметан ДДВ.
- Продажба на електрична енергија ќе се врши согласно „Правила за продажба на вишоци на електрична енергија и моќност" и „УПАТСТВО за продажба на електрична енергија и моќност со спроведување Аукција" објавени на интернет страната: http://www.elem.com.mk/?page_id=3488.
- АД ЕЛЕМ - Скопје **нема** да врши продажба на електрична моќност и енергија надвор од објавениот период и распоред.
- АД ЕЛЕМ - Скопје го задржува правото да не изврши избор на најдобра понуда.

## КАЛЕНДАР ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ И ЕНЕРГИЈА

| | **Период на испорака: 01.04-30.04.2019** |
|---|---|
| **Среда 27.02.2019** | Објавување на количините на електрична енергија и моќност до 16:00 часот. |
| **Среда 06.03.2019** | Пријавување на Економските Оператори за учество во процедурата за продажба на електрична моќност и енергија до 06.03.2019 до 09:00 часот на факс бр. **+389 2 3232 331** и/ или на е – mail: elemprodazba@elem.com.mk (Само економските оператори кои не се регистрирани).<br>Доставување на **Барања** (Образец 3) од 09:00 до 10:00 на факс бр.**+389 2 3232 331** и/ или на е – mail: elemprodazba@elem.com.mk. |
| **Среда 06.03.2019** | Спроведување на аукцијата по пат на јавно наддавање од **11:00** часот во просториите на АД ЕЛЕМ-Скопје, ул.11 Октомври, бр.9, 1000 Скопје, Р. Македонија, сала за состаноци 5ти кат. |
| **Четврток 07.03.2019** | Објавување на резултатите од продажбата до16:00 часот. |
| **Петок 08.03.2019** | Доставување на потпишано **Писмо за конфирмација** од страна на избраниот купувач до 16:00 часот.<br>Писмото за конфирмација се потпишува од страна на АД ЕЛЕМ - Скопје и се праќа до купувачот по факс и/ или на е – mail: elemprodazba@elem.com.mk. |

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Македонија

3-553-101.01

1. Во случај на неуредна достава на потребната документација од страна на избраниот купувач, АД ЕЛЕМ - Скопје доделените количини ќе ги понуди на првиот следен Економски оператор кој не добил количини на електрична енергија за соодветниот период.
2. Согласно точка 15 од Упатството за продажба на електрична енергија и моќност со спроведување на Аукција не е дозволено потврдување на веќе постоечка понудена цена.

Почитувани,

АД Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје изврши измена на Правилата за продажба вишоци на електрична енергија и моќност и ги консолидира Упатството за продажба на електрична енергија и моќност со спроведување на Аукција и Упатството за продажба на електрична енергија со прибирање на најповолна понуда кои се прикачени на веб страната на АД ЕЛЕМ како Прилог 1 и Прилог 2.

**Прилог 1. Упатства за продажба на електрична енергија и моќност со спроведување на Аукција**

Во ова Упатство има промена во чл.4 кое се однесува на Овластувањето. Согласно новото Упатство право на учество на Акцијата имаат само претставници на купувачите кои доставиле Барање за понудениот продукт.

На аукцијата можат да присуствуваат најмногу двајца претставници на купувачот, од кои само еден со Овластување (Образец бр.6) да ја подобрува - зголемува цената. Доколку некој купувач нема овластен претставник на аукцијата, тогаш неговата првична понуда ќе се смета за конечна понуда и како таква ќе влезе во изборот на најповолна понуда.

Во Овластувањето, кое треба да биде потпишано од страна на одговорното лице/ца на Друштвото, на местото каде стои период не е потребно да се наведува датумот на објавата или периодот на испорака, туку да се наведе периодот на важност на овластувањето кое согласно 4.3 го определува економскиот оператор.
Согласно новото Упатство не е потребно да изготвувате Полномошна/ Овластувања кој потоа ќе ги заверувате на нотар, преведувате и сл, **туку само уредно да го пополните Овластувањето - Образец бр.6.**

**Прилог 2. Упатство за продажба на електрична енергија и моќност со прибирање на најповолна понуда**

Во ова Упатство промената се однесува на начинот на потпишување и доставување на Барањето –Образец 3, па така доколку барањето се потпише од страна на одговорното лице на економскиот оператор и истото е пратено од официјалниот e-mail или на факс не треба Овастување Образец бр. 5.
Доколку Барањето (Образец бр.3) е потпишано од преставник треба да се има овластување за потпишување (точка 1 од овластувањето)
Доколку Барањето (Образец бр.3) се праќа од e-mail адреса на друго лице(освен управител или официјален e-mail на Е.О.) лицето кое го испраќа Барањето по e-mail мора да има овластување (точка бр.2 од Овластувањето).

Во Овластувањето, кое треба да биде потпишано од страна на одговорното лице/ца на Друштвото, на местото каде стои период не е потребно да се наведува датумот на објавата или периодот на испорака, туку да се наведе периодот на важност на овластувањето кое согласно 4.3 го определува економскиот оператор.

Барањата се доставуваат на факс бр. +398 2 3232 331 и/или на e-mail: elemprodazba@elem.com.mk

Сите барања кои ќе пристигнат спротивно на Правилата и овие упатства, како и на друг e-mail нема да бидат земени во процесот на евалуација.

АД ЕЛЕМ – Скопје

тел.:+389 (0)2 31 49 278, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk